Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 81, 1 јуни 2012 година

јуни 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле регулација и управување со технолошки процеси, наставно-научни области моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на дисконтинуирани и континуирани процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област геохемија на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област интегрирана електроника и електронски компоненти на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање лектор во наставно-научната област славистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент) за наставно - научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Анатомија 1 за студентите по стоматологија“ од проф. д-р Ѓорѓи Шуманов и проф. д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 39

**ИСПРАВКА** на техничка грешка ........ 40



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК (АСИСТЕНТ) ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ УСТАВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-123/5 донесена на 67. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 6 март 2012 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден ***асистент*** за научната област ***уставно право*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– проф. д-р Снежана Гушева, доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип (претседател);
– проф. д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член),
– проф. д-р Јован Ананиев, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“ на 3 април 2012 год. и во предвидениот рок се пријавиле само кандидатите м-р Владимир Арсов, помлад асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и м-р Наташа Георгиева-Ивановска. Врз основа на пријавата и доставената документација и нивното разгледување, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 3 април 2012 година, на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за избор на *асистент* за научната област *уставно право* се пријавиле кандидатите м-р Владимир Арсов и м-р Наташа Георгиева-Ивановска.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира:

Кандидатите навремено ја доставија својата пријава во предвидениот рок утврден во Конкурсот.

Кандидатот м-р Владимир Арсов ги приложи следниве документи:

– пријава;
– диплома за завршени додипломски и постдипломски студии во соодветниот број на примероци според Конкурсот;
– магистерски труд;
– кратка биографија;
– нострификација од диплома стекната во странство;
– еквиваленција на оценките;
– уверение за државјанство;
– изјава од комисија за верификација на факти;
– потврда за познавање на англиски и италијански јазик.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Владимир Арсов** е роден на 19 февруари 1983 година во Кочани, Р. Македонија. Средно образование завршува во ДСУ „Гошо Викентиев" во Кочани со одличен успех. Во 2001 година се запишува на Правниот факултет при СУ „Св. Климент Охридски" во Софија, Р. Бугарија, на насоката Меѓународни односи. Корисник е на стипендија за талентирани студенти од Министерство за образование и наука. Успешно ги положува сите предвидени испити со просечен успех од 4,53 (односно 8,53 согласно со еквиваленцијата на МОН), каде што дипломира на 5 јуни 2005 година. Во 2005 година продолжува на постдипломски студии на истиот Универзитет и истата насока. Успешно ги положува сите предвидени испити со просечен успех од 4,75 (односно 8,75 согласно со еквиваленцијата на МОН). По успешната одбрана на магистерската теза насловена како „Взаемо односи помеѓу Р. Македонија и СТО" под менторство на проф. д-р Атанас Узунов, на 6 декември 2006 година се стекнува со звање магистер по меѓународни односи (странска диплома нострифицирана во Р. Македонија во март 2012 година). Кандидатот се стекнува и со звање овластен преведувач по бугарски јазик има познавања и диплома за англиски јазик и италијански јазик, како и присуствувано на повеќе студиски престои, конференции, семинари, работилници. Кандидатот своето образование го продолжува на докторски студии по политика и дипломатија на Филолошкиот факултет при СУ „Св. Климент Охридски" во Софија, Р. Бугарија, каде што му е прифатена темата за докторска дисертација. Од март 2007 година работи на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип во соработничко звање помлад асистент.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Следејќи ги своите амбиции кон научноистражувачката работа во полето на правните науки, истовремено и своите професионални ангажмани, кандидатот м-р Владимир Арсов реализира наставна и научноистражувачка дејност.

За забележување е неговиот посебен интерес кон уставното право, политичкиот систем, политиките на Европската унија и менаџмент со фондовите на Европската унија. Во периодот од 2007 до 2012 година, како соработник на Правнит факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, активно е вклучен во реализирањето на вежбите по предметите: Уставно право (2+2+1), Политички систем (2+2+1), Меѓународно право (2+2+1), Проектен менаџмент на ЕУ фондови (2+2+1), а вршел и привремен ангажман на друг предмет - Филозофија на право (2+2+1).

***Учество на конференции и истражувачки проекти***

Кандидатот учествува на повеќе семинари и конференции, магистрира на специјалност меѓународни односи и запишани докторски студии на СУ „Св. Климент Охридски" во Софија при Филолошки факултет на Применета политика и дипломатија. Учествува на меѓунроден семинар (Global Environmental Youth Convention) во Лунд, Р. Шведска, под покровителство на кралот на Р. Шведска, каде што се стекнува со титула млад амбасадор по екологија на Р. Македонија. Конференција на тема „Активностите на Заедничкиот истражувачки центар" (Заеднички истражувачки центар при Европска комисија и Министерство за образование и наука на РМ, Скопје – Македонија, 19.10.2010), Конференција на тема „Проширувањето на ЕУ - Генерален директорат за проширување", Софија - Бугарија, 15.10.2009) и др.

***Приказ на магистерски труд на м-р Владимир Арсов со наслов:***
„Взаемо односи помеѓу Македонија и СТО"

Магистерскиот труд содржи 130 страници компјутерски напишан текст. При цитирањето е користен системот на фусноти. При изработката на магистерскиот труд се користени повеќе библиографски единици (книги, трудови, извадоци, коментари, збирки на прописи и правила итн.). Библиографските единици се соодветно цитирани во текстот на магистерскиот труд.

2. Пријавата на кандидатката м-р Наташа Георгиева-Ивановска, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

Кандидатката **м-р Наташа Георгиева-Ивановска** ги приложи следниве документи:
- пријава;
- уверение за завршено високо образование – 4,
- уверение за завршени постдипломски студии – 4 примероци;
- кратка биографија – 4 примероци;
- уверение за државјанство;
- потврда за познавање на англиски јазик;
- изјава од Комисија за верификација на факти.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Наташа Георгиева-Ивановска** е родена на 25 октомври 1981 година во Скопје, каде што завршува средно образование во СЕПУГС „Васил Антевски Дрен” - Скопје. По завршувањето на средното образование се запишува на додипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први” – Скопје, каде што дипломира со просечен успех 9,74. По дипломирањето се запишува на постдипломски студии на Универзитетот ФОН во Скопје, на Факултетот за детективи и безбедност. По одбраната на својот магистерски труд под наслов „Казнено-правни и криминалистички аспекти на откривање и докажување на казненото дело – трговија со луѓе” се стекнува со научното звање магистер по безбедносни науки, со просечен успех од втор циклус на студии 9,75. Поседува компјутерски вештини и пасивно го владее англискиот јазик. Нема приложено примерок од магистерскиот труд.

Кандидатката м-р Наташа Георгиева-Ивановска нема работно искуство во високото образование.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали и биографиите на пријавените кандидати, утврдувајќи ја подобноста на кандидатите, стекнатите академски звања и научноистражувачката активност на пријавените кандидати согласно со закон, актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и условите предвидени со објавениот Конкурс за избор на еден соработник во звање асистент за научната област *уставно право* на Правниот факултет, Комисијата го констатира следново.

М-р Наташа Георгиева-Ивановска го нема доставено својот магистерски труд, има магистрирано во областа на безбедносните науки, го нема потребното работно искуство за избор во соработничко звање асистент и нема објавено научен труд во научно списание во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски гласник“ бр.18, член 17).

Кандидатот м-р Владимир Арсов има петгодишно работно искуство како помлад асистент и двапати е биран во соработничко звање помлад асистент во научната област *уставно право*. Во текот на додипломските студии, како и за време на магистерските студии, кандидатот се среќава и активно се занимавал со материјата од научната област уставно право. Исто така, кандидатот присуствува на конференции од оваа област и поседува соодветни способности за извршување на наставно-научна работа. Кандидатот нема објавено научен труд во научно списание во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно- научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски гласник“ бр.18, член 17).

**Комисијата смета дека од двајцата пријавени кандидати ниту еден не ги исполнува условите за избор во соработничко звање асистент во научната област уставно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.**

**Поради наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ да не изврши избор на асистент на Правниот факултетот во наставно-научната област уставно право, согласно со објавениот Конкурс, извештајот и заклучокот на Рецензентската комисија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Снежана Гушева, доцент, с.р.**
**Д-р Љупчо Сотироски, доцент, с.р.**
**Д-р Јован Ананиев, вонреден професор, с.р.**